# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЛЕКОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Согласно одредбите од Законот за лекови и медицински средства, Агенцијата за лекови и медицисннки средства на Република Северна Македонија е надлежна за следење на потрошувачката на лекови во Република Северна Македонија.

Податоците за вкупниот промет на лекови се засноваат на вредностите на продажбата на сите лекови, како и на обемот на продажба за сите поединечни лекови (по пакување) на регистрираните правни субјекти за промет на големо во Република Северна Македонија.

Податоците се обработуваат во согласност со препораките на Светската здравствена организација (СЗО) и методологијата за следење на потрошувачката според системот АТК/ ДДД (ATC/DDD).

Во базата на податоци на Агенцијата, за следење на потрошувачката на лекови, сите лекови се класифицирани според класификацијата на СЗО по АТК групи (анатомско-терапевтско-хемиска класификација) и по меѓународни незаштитени имиња на лекови (INN), а обемот на потрошувачката на лекови се изразува во бројот на Дефинирани дневни дози (ДДД) на 1000 жители во текот на денот.

АТК системот е систем на класификација кој ги дели лековите во групи врз основа на органите или системите на кои дејствуваат во согласност со нивните хемиски, фармаколошки и терапевтски својства. Секоја супстанција се идентификува со специфичен алфанумерички код, така што е можно да се групираат тие со слични карактеристики во нивоа на АТК.

Дефинирана дневна доза (ДДД) е техничка, статистичка единица мерка за употреба на лек, чија вредност ја претставува просечната дневна доза за главната индикација за употреба на лекот кај возрасни, која не зависи од цената, обликот, јачината или големината од пакувањето на лекот и не ја изразува препорачаната или вистинската доза на употребениот лек.

Бројот на ДДД/1.000 жители дневно дава увид во тоа колку жители (од 1.000 од нив) го користеле набљудуваниот лек и биле изложени на неговите ефекти во текот на еден ден.

Добиените податоци се во корелација со бројот на жители кои го користеле лекот во периодот за кој се врши обработката.

Податоците за бројот на жители се земени од официјалните податоци на Заводот за статистика на Република Северна Македонија.

Методологијата на дефинирани дневни дози ја изразува употребата на лекови во повеќето европски земји. Секоја година, податоците за ДДД како и промените во класификацијата на АТК, се ажурираат и објавуваат на веб-страницата на Колаборативниот центар за методологија на статистика на лекови на СЗО (www.whocc.no).

Предноста од користењето на оваа методологија за следење на употребата на лекови е можност за споредување на употребата на поединечни терапевтски и фармаколошко-терапевтски групи во одредено време и нивна споредба со извештаи од други земји или региони.

Следењето на прометот и потрошувачката на лекови во една земја ја покажува здравствената состојба на населението и значително придонесува за проценка на фармакотерапевтските ставови и навиките за препишување во пракса. Овозможува и утврдување на фактори кои влијаат на прекумерната или недоволната употреба на одредени лекови.

Следењето на потрошувачката служи како основа за стручни анализи, како и за напредок во научните области на фармакоекономијата и фармакоепидемиологијата.

Во текот на 2023 година, анализата на вкупната потрошувачка на лекови открива значајни и комплексни трендови во здравствениот сектор, кои се од суштинско значење за планот и управувањето со здравствените ресурси. Податоците што следуваат се класифицирани според различни критериуми:

- вкупна финансиска потрошувачка (во денари),
- дефинирани дневни дози (ДДД /1000/денови),
- најчесто користените лекови според потрошувачка во денари и
- најчесто користените лекови според дефинирани дневни дози (ДДД) на годишно ниво.

Врз основа на член 82 став 3 од Законот за лекови и медицински средства („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07, 88/2010, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 28/21, 122/21 и 60/23), Агенцијата за лекови и медицински средства изготви извештај за потрошувачката на лекови во Република Северна Македонија за 2023 година кој претставуваа сеопфатен преглед на трошењето на лековите во приватниот и јавниот сектор.

## 2. Резултати од анализата на потрошувачката на лекови во Република Северна Македонија за 2023 година.

Извештајот за потрошувачката на лекови во Република Северна Македонија за 2023 година се прикажува во следните табели:

**Табела бр. 1. Вкупна потрошувачка на лекови по АТК групи (анатомско терапевтско хемиска класификација) во денари (МКД)**

| Бр. | АТС | Назив на главните лекови по АТК групи (анатомско-терапевтско хемиска класификација) | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| **1** | C | Лекови кои делуват на срце и крвните садови | 2.865.242.400,58 |
| **2** | J | Антиинфективни лекови за системска употреба | 2.508.498.686,36 |
| **3** | A | Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | 2.419.297.095,41 |
| **4** | N | Лекови со дејство на ЦНС | 1.583.286.673,99 |
| **5** | L | Антинеопластични и имуномодулатори лекови | 1.507.015.024,17 |
| **6** | B | Лекови кои делуват во крвта и крвотворните органи | 1.474.266.328,50 |
| **7** | R | Лекови за третман на болести на респираторен систем | 689.635.654,43 |
| **8** | M | Лекови со дејство на коскено мускулен систем | 669.902.122,07 |
| **9** | G | Лекови кои делуваат во генитоуринарен тракт и полови хормони | 569.355.574,81 |
| **10** | H | Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин | 294.829.907,63 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11** | S | Лекови кои делуваат во сензорни органи | 279.671.521,47 |
| **12** | D | Дерматолошки лекови | 170.236.305,49 |
| **13** | V | Останато | 69.817.753,96 |
| **14** | P | Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити | 7.271.677,93 |

Согласно табела бр. 1 анализата на вкупната потрошувачка на лекови по АТК групи (според Светската здравствена организација - WHO) покажува дека најголем дел од финансиските средства во 2023 година беа насочени кон лековите кои се користеле за лекување на кардиоваскуларни заболувања, инфекциски болести и лековите со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот. Овие групи на лекови имаат значително поголем удел во вкупната потрошувачка на фармацевтските производи, што е индикативно за високата побарувачка за овие типови на лекови во здравствениот систем.

**Табела бр. 2. Вкупна потрошувачка на лекови во 2023 година според Дефинирана Дневна Доза ДДД/1000/ден**

| **Бр.** | **ATC** | **Назив на главните лекови по АТК групи (анатомско-терапевтско хемиска класификација** | **ДДД/1000/ден** |
|---|---|---|---|
| 1. | C | Лекови кои делуват на срце и крвните садови | **518,0365** |
| 2. | A | Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | **232,7751** |
| 3. | N | Лекови со дејство на ЦНС | **161,8560** |
| 4. | M | Лекови со дејство на коскено мускулен систем | **69,1329** |
| 5. | R | Лекови за третман на болести на респираторен систем | **57,5946** |
| 6. | B | Лекови кои делуват во крвта и крвотворните органи | **56,3934** |
| 7. | G | Лекови кои делуваат во генитоуринарен тракт и полови хормони | **44,4014** |
| 8. | H | Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин | **37,1863** |
| 9. | J | Антиинфективни лекови за системска употреба | **37,0038** |
| 10. | S | Лекови кои делуваат во сензорни органи | **7,7391** |
| 11. | L | Антинеопластични и имуномодулатори лекови | **3,3792** |
| 12. | P | Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити | **0,3028** |
| 13. | D | Дерматолошки лекови | **0,2655** |
| 14. | V | Останато | **0,00045** |

Во табелата бр. 2 анализата на потрошувачката изразена во ДДД /1000/денови има за цел да ја прикаже просечната количина на лекови кои се користат дневно на 1.000 жители. Овој показател е корисен за да се спореди степенот на потрошувачка на лекови во различни групи на лекови, независно од нивната цена. Горенаведените податоци укажуваат дека лековите кои делуваат во кардиоваскуларниот систем се најкористените во 2023 година, додека лековите кои делуваат во нервниот систем (ЦНС) и лековите кои делуват во дигестивниот тракт исто така имаат висока потрошувачка.

**Табела бр. 3. Најкористени лекови за 2023 година според вкупна потрошувачка финансиски изразено во денари.**

| Бр. | INN | ATC код | Вкупна потрошувачка (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | rosuvastatin | C10AA07 | 444,671,619.96 |
| 2 | enoxaparin | B01AB05 | 430,120,593.42 |
| 3 | pantoprazole | A02BC02 | 380,194,543.02 |
| 4 | pembrolizumab | L01FF02 | 360,363,925.52 |
| 5 | metformin | A10BA02 | 285,761,984.55 |
| 6 | coagulation factor VIII | B02BD02 | 257,911,196.17 |
| 7 | insulin degludec | A10AE06 | 222,933,534.48 |
| 8 | cefixime | J01DD08 | 180,354,531.96 |
| 9 | rivaroxaban | B01AF01 | 180,155,621.36 |
| 10 | amoxicillin and beta-lactamase inhibitor | J01CR02 | 169,670,880.37 |

Следните лекови имаат најголема финансиска потрошувачка во 2023 година. Овие лекови најчесто се поврзани со хронични состојби, како што се кардиоваскуларни заболувања и дијабетес, што покажува дека популацијата на земјава има голема потреба од овие терапии.

**Табела бр. 4. Најчесто користени лекови за 2023 година според годишната потрошувачка во ДДД/1000/ден.**

| Бр. | INN | ATC код | ДДД/1000/ден |
|---|---|---|---|
| 1 | rosuvastatin | C10AA07 | 81.98 |
| 2 | enalapril | C09AA02 | 74.73 |
| 3 | ascorbic acid | A11GA01 | 52.04 |
| 4 | atorvastatin | C10AA05 | 48.75 |
| 5 | losartan | C09CA01 | 46.67 |
| 6 | lisinopril | C09AA03 | 45.50 |
| 7 | pantoprazole | A02BC02 | 42.22 |
| 8 | metformin | A10BA02 | 39.47 |
| 9 | amlodipine | C08CA01 | 38.24 |
| 10 | diazepam | N05BA01 | 31.21 |

Анализата на најчесто користените лекови според годишната потрошувачка во Дефинирана Дневна Доза (ДДД/1000/ден) покажува кои лекови се најзастапени во дневната употреба кај населението. Доминираат лековите кои делуват во кардиоваскуларен систем како најчесто користени лекови во 2023 година исто така следат лековите кои делуват во дигестивниот тракт и метаболизам.

**ЗАКЛУЧОК:**

Добиените податоци за вкупната потрошувачка на лекови во Република Северна Македонија за 2023 година покажуваат дека потрошувачката изразена во Дефинирани Дневни Дози (ДДД) на 1000 пациенти на ден изнесува: **1239.47 ДДД/1000/ден**, додека финансиски изразено во денари изнесува: **13,583,372,428.83 денари**.

Овој износ ја опфаќа вкупната потрошувачка на сите лекови, вклучително и лековите што не се регистрирани во Република Северна Македонија, лекови кои немаат дефинирана АТК класификација, како и лекови кои немаат определена дефинирана дневна доза.

Горенаведените податоци покажуваат дека во вкупната потрошувачка според ДДД/1000/ден, најкористената група на лекови во 2023 година се лековите за третман на кардиоваскуларниот систем односно **518,0365 ДДД/1000/ден**.

Од финансиски аспект најголема потрошувачка имаат лековите од групата на кардиоваскуларниот систем: **2.865.242.400,58 денари**, со приближен износ следат антинфективни лекови за системска употреба: **2.508.498.686,36 денари**.

Согласно горенаведените податоци, овие информации обезбедуваат детален преглед на здравствената потрошувачка и даваат основа за подобро планирање на ресурсите, следење на трендовите, оптимизација на трошоците и носење на информирани одлуки во здравствениот систем на Република Северна Македонија.

**RAPORT VJETOR PËR HARXHUESHMËRINË E BARNAVE PËR VITIN 2023**

Në përputhje me dispozitat e Ligjit për Barna dhe Pajisje Mjekësore, Agjencia për Barna dhe Pajisje Mjekësore e Republikës së Maqedonisë së Veriut është institucioni përgjegjës për monitorimin e harxhueshmërisë së barnave në Republikën së Maqedonisë së Veriut.

Të dhënat për shitjen e përgjithshme të barnave bazohen në vlerën e shitjeve të të gjitha produkteve farmaceutike, si dhe në sasine e shitjes për secilin bar individual (sipas paketimit), të raportuar nga subjektet juridike të licencuara për tregti me shumicë me barna në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Përpunimi i të dhënave realizohet në përputhje me rekomandimet e Organizatës Botërore të Shëndetësisë (OBSH) dhe metodologjinë e monitorimit të harxhueshmërisë sipas sistemit ATC/DDD.

Në bazën e të dhënave të Agjencise se barnave dhe pajisjeve medicinale , të gjitha barnat jane te klasifikura sipas sistemit të OBSH-së respektivisht në ATC grupe ( ATC - Klasifikimit Anatomik-Terapeutik-Kimik), si dhe sipas emrave gjenerik (INN). Harxhueshmëria matet në njësi të dozes se përcaktuar ditore për 1.000 banorë në ditë.

Sistemi ATC I klasifikon barnat në grupe duke u bazuar në organin apo sistemin mbi të cilin ato veprojnë, si dhe sipas vetive të tyre kimike, farmakologjike dhe terapeutike.

Çdo substancë identifikohet me një kod unik alfanumerik, që mundëson grupimin sipas karakteristikave të ngjashme.

Doza e përcaktuar ditore (DDD) është një njësi teknike dhe statistikore që përfaqëson dozën mesatare ditore të një bari për indikacionin e tij kryesor te të rriturit. Kjo njësi është e pavarur nga çmimi, forma farmaceutike, forca apo madhësia e paketimit të barit dhe nuk përfaqëson as dozën e rekomanduar dhe as dozën reale të përdorimit.

Vlera e DDD/ 1.000 banorë në ditë tregon përqindjen e numrit të banorëve (nga 1000) që e kanë përdorur një bar të caktuar dhe janë ekspozuar ndaj efekteve të tij brenda një dite.

Të dhënat janë në përputhje me numrin e banorëve që kanë përdorur barnat gjatë periudhës së analizuar. Ky numër është marrë nga të dhënat zyrtare të Entit Shtetëror të Statistikave të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Metodologjia e DDD përdoret gjerësisht në vendet evropiane për të paraqitur harxhueshmërine e barnave. Çdo vit, të dhënat mbi DDD-të, si dhe ndryshimet në klasifikimin ATC, përditësohen dhe publikohen në faqen zyrtare të Qendrës Bashkëpunuese të OBSH-së për Metodologjinë e Statistikave të Barnave (www.whocc.no).

Përparësia e kësaj metodologjie qëndron në mundësinë që ofron për të krahasuar përdorimin e grupeve të ndryshme terapeutike dhe farmakologjiko-terapeutike në një periudhë të caktuar kohore , si dhe me të dhënat e vendeve apo rajoneve të tjera.

Monitorimi i shitjes  se  barnave në treg dhe harxhueshmëria e tyre  pasqyron gjendjen shëndetësore të popullsisë dhe kontribon në vlerësimin e qasjeve farmakoterapeutike dhe mënyren e  përshkrimit nga ana e profesionistëve mjekësor. Gjithashtu ndihmon në identifikimin e faktorëve që ndikojnë në përdorimin e rritur apo të pamjaftueshëm të barnave.

Këto të dhëna shërbejnë si bazë për analiza profesionale  dhe për avansim në fushat shkencore të farmakoekonomisë dhe farmakoepidemiologjisë.

Analiza mbi harxhueshmërine e  përgjithshme të barnave ne Republikën e Maqedonisë se Veriut gjate viti 2023  ka treguar  njohuri te reja  të rëndësishme dhe komplekse në sektorin shëndetësor, të cilat janë thelbësore për planifikimin dhe menaxhimin efektiv të burimeve ne sektorin shëndetësor .

Të dhënat që pasojnë janë të kategorizuara sipas disa kritereve:

-Harxhueshmëria e pergjithshme  financiare e barnave  ( e shprehur  në denarë),

-Harxhueshmëria e barnave në bazë te dozës se përcaktuar ditore  (DDD/1.000 banorë/ditë),

- Barnat më të përdorura sipas harxhueshmërise  dhe sipas

- Dozës se përcaktuar  ditore  ( DDD ) në nivel vjetor.

Këto të dhëna  paraqesin  një pasqyrë  të detajuar të harxhueshmërise se barnave  dhe shërbejnë si bazë për planifikim më të mire të resurseve , ndjekje të trendeve, optimizim të shpenzimeve në sistemin shëndetësor të vendit.

Në bazë të nenit 82, paragrafi 3 të Ligjit për Barnat dhe Pajisjet Mjekësore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 106/07, 88/2010, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16, 53/16, 83/18, 113/18, 245/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 28/21, 122/21 dhe 60/23), Agjencia për Barna dhe Pajisje Mjekësore përgatiti raportin për harxhueshmërinë e barnave për vitin 2023, i cili përfaqëson një pasqyrë gjithëpërfshirëse të harxhueshmërise së barnave  në sektorin privat dhe publik.

Raporti për harxhimin  e barnave ne Republikën e Maqedonisë së Veriut   për vitin 2023 paraqitet në tabelat e mëposhtme:

**Tabela nr.1. Harxhueshmëria e përgjithshme e barnave sipas ATC grupeve (klasifikimit anatomik terapeutiko-kimik)**

| Nr. | Kodi ATK | Përshkrimi i grupit të barnave sipas ATK | Shuma në denarë |
|---|---|---|---|
| **1** | C | Barna që veprojnë në sistemin kardiovaskular | 2.865.242.400,58 |
| **2** | J | Barna antiinfektive për përdorim sistemik | 2.508.498.686,36 |
| **3** | A | Barna për traktin tretës dhe metabolizmin | 2.419.297.095,41 |
| **4** | N | Barna që veprojnë në sistemin nervor qendror | 1.583.286.673,99 |
| **5** | L | Barna antineoplastike dhe imunomodulatore | 1.507.015.024,17 |
| **6** | B | Barna që veprojnë në gjak dhe organet hematopoetike | 1.474.266.328,50 |
| **7** | R | Barna për trajtimin e sëmundjeve të sistemit respirator | 689.635.654,43 |
| **8** | M | Barna që veprojnë në sistemin muskulor dhe kockor | 669.902.122,07 |
| **9** | G | Barna që veprojnë në sistemin urogjenital dhe hormone seksuale | 569.355.574,81 |
| **10** | H | Barna që veprojnë në gjëndrat endokrine (përjashtuar hormonet seksuale dhe insulina) | 294.829.907,63 |
| **11** | S | Barna që veprojne në organet e shqisave | 279.671.521,47 |
| **12** | D | Barna për përdorim dermatologjik | 170.236.305,49 |
| **13** | V | Barnat me veprim të ndryshëm | 69.817.753,96 |
| **14** | P | Barna për trajtimin e infeksioneve parazitare | 7.271.677,93 |

Sipas të dhënave të paraqitura në tabelën nr. 1 nga analiza e harxhueshmërisë totale të barnave të klasifikuara sipas ATC grupeve (sipas klasifikimit të Organizatës Botërore të Shëndetësisë – OBSH) vërejmë se në vitin 2023 pjesa më e madhe e mjeteve financiare ka qenë e orientuar tek barnat te cilat përdoren për trajtimin e sëmundjeve kardiovaskulare, sëmundjeve infektive dhe sëmundjeve të traktit digjestiv dhe metabolizmit.Këto grupe barnash përbëjnë pjesën më të madhe të shpenzimeve të përgjithshme për produkte farmaceutike për vitin 2023, gjë që tregon për një kërkesë të lartë për këto lloj barnash në sistemin shëndetësor të Republikës se Maqedonise se Veriut.

**Tabela nr. 2. Harxhueshmëria e përgjithshme e barnave në vitin 2023 sipas DDD/1000 banorë/ditë për grupet kryesore të klasifikimit ATC**

| Nr. | Kodi ATC | Emërtimi i grupeve kryesore ATC | DDD/1000 banorë/ditë |
|---|---|---|---|
| **1** | C | Barna që veprojnë në sistemin kardiovaskular | 518,0365 |
| **2** | A | Barna qëveprojnë në traktin tretës dhe metabolizëm | 232,7751 |
| **3** | N | Barna që veprojnë në sistemin nervor qendror | 161,8560 |
| **4** | M | Barna që veprojnë në sistemin muskulor dhe kockor | 69,1329 |
| **5** | R | Barna për trajtimin e sëmundjeve të sistemit respirator | 57,5946 |
| **6** | B | Barna që veprojnë në gjak dhe organet hematopoetike | 56,3934 |
| **7** | G | Barna që veprojnë në sistemin urogjenital dhe hormonet seksuale | 44,4014 |
| **8** | H | Barna që veprojnë në gjëndrat endokrine (përjashtuar hormonet seksuale dhe insulina) | 37,1863 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9** | J | Barna antiinfektive për përdorim sistemik | 37,0038 |
| **10** | S | Barna që veprojne në organet e shqisave | 7,7391 |
| **11** | L | Antineoplastikë dhe imunomodulatorë | 3,3792 |
| **12** | P | Barna për trajtimin e infeksioneve parazitare | 0,3028 |
| **13** | D | Barnat për përdorim dermatologjik | 0,2655 |
| **14** | V | Barnat me veprim të ndryshëm | 0,00045 |

Tabela nr. 2 paraqet analizën e harxhueshmërise së barnave të shprehur në DDD/1000 banorë/ditë, që ka për qëllim të tregojë sasinë mesatare të barnave të përdorura në një ditë për çdo 1.000 banorë. Ky tregues është veçanërisht i dobishëm për të krahasuar nivelin e përdorimit të barnave në grupe të ndryshme, pavarësisht nga çmimi i tyre.

Ndër barnat më të përdorura në bazë të dhënave të mësiperme vërehet se janë barnat që veprojnë në trajtimin e sëmundjeve kardiovaskulare . Gjithashtu nga tabela vërehet se edhe barnat që përdoren për trajtimin e sëmundjeve të sistemit nervor dhe atij digjestiv kanë një përdorim të lartë.

**Tabela nr. 3. Barnat më të përdorura në vitin 2023 sipas harxhueshmerisë së përgjithshme financiare (në MKD)**

| Nr. | INN | Kodi ATC | Harxhueshmëria e përgjithshme e shprehur në denarë (MKD) |
|---|---|---|---|
| **1** | rosuvastatin | C10AA07 | 444.671.619,96 |
| **2** | enoxaparin | B01AB05 | 430.120.593,42 |
| **3** | pantoprazole | A02BC02 | 380.194.543,02 |
| **4** | pembrolizumab | L01FF02 | 360.363.925,52 |
| **5** | metformin | A10BA02 | 285.761.984,55 |
| **6** | coagulation factor VIII | B02BD02 | 257.911.196,17 |
| **7** | insulin degludec | A10AE06 | 222.933.534,48 |
| **8** | cefixime | J01DD08 | 180.354.531,96 |
| **9** | rivaroxaban | B01AF01 | 180.155.621,36 |
| **10** | amoxicillin and beta-lactamase inhibitor | J01CR02 | 169.670.880,37 |

Barnat e radhitura në tabelën nr. 3 tregojne për një harxhueshmëri financiare të lartë të shprehur në denarë për vitin 2023. Kryesisht bëhet fjalë për harxhueshmëri financiare të lartë drejtuar barnave të cilat kanë përdorim për trajtimin e sëmundjeve kronike, respektivisht për trajtimin e sëmundjeve kardiovaskulare dhe të diabetit. Kjo tregon për një nevojë të madhe dhe të vazhdueshme të popullsisë për terapi të tillë, por që në anën tjetër paraqet një ngarkesë të konsiderueshme për sistemin shëndetësor dhe buxhetin farmaceutik të vendit.

**Tabela nr. 4. Barnat më të përdorura në vitin 2023 sipas harxhueshmërise vjetore në DDD/1000 banorë/ditë**

| Nr. | INN | Kodi ATC | DDD/1000 banorë/ditë |
|---|---|---|---|
| **1** | rosuvastatin | C10AA07 | 81,98 |
| **2** | enalapril | C09AA02 | 74,73 |
| **3** | ascorbic acid | A11GA01 | 52,04 |
| **4** | atorvastatin | C10AA05 | 48,75 |
| **5** | losartan | C09CA01 | 46,67 |
| **6** | lisinopril | C09AA03 | 45,50 |
| **7** | pantoprazole | A02BC02 | 42,22 |
| **8** | metformin | A10BA02 | 39,47 |
| **9** | amlodipine | C08CA01 | 38,24 |
| **10** | diazepam | N05BA01 | 31,21 |

Të dhënat e harxhimit vjetor të shprehura në tabelën nr. 4 të llogaritura në bazë të DDD/1000 banorë/ditë, vë në pah barnat që përdoren më shpesh në baza ditore. Dominimi i barnave kardiovaskulare tregon se ato janë më të pranishmet në terapitë ditore. Gjithashtu në vitin 2023 vërehet një përdorim i gjerë i barnave të cilat veprojnë në sistemin digjestiv dhe metabolizëm, si dhe i disa preparateve hormonale, që gjithashtu tregojnë për nevoja të vazhdueshme terapeutike në këtë fushë.

**PËRFUNDIM**

Të dhënat e përfituara për harxhueshmërinë e përgjithshme të barnave në Republikën e Maqedonisë së Veriut tregojnë se harxhueshmëria e barnave në bazë te dozës ditore te përcaktuar (DDD) për 1000 banorë në ditë është: **1239,47 DDD/1000/ditë**, ndërsa e shprehur në aspektin financiar respektivisht në denarë arrin vlerën deri në: **13.583.372.428,83 MKD**.

Ky vlerësim përfshin harxhimin e përgjithshëm të të gjitha barnave, përfshirë edhe ato që **nuk janë të regjistruara në Republikën e Maqedonisë së Veriut**, barnat që **nuk kanë klasifikim të përcaktuar ATC**, si dhe barnat që **nuk kanë të përcaktuar një dozë ditore të standardizuar (DDD)**.

Të dhënat e mësipërme tregojnë se sipas harxhimit në bazë te dozës ditore të përcaktuar DDD/1000/ditë, **grupi më i përdorur i barnave në vitin 2023** është ai për trajtimin e sëmundjeve të **sistemit kardiovaskular**, me **518,0365 DDD/1000/ditë**.

Nga aspekti financiar, **harxhueshmëria më e madhe** ju përket po ashtu **barnave për trajtimin e sëmundjeve kardiovaskulare** me vlerë prej **2.865.242.400,58 MKD**, si dhe barnat **antiinfektive për përdorim sistemik**, me një vlerë prej **2.508.498.686,36 MKD**.